# УПАТСТВО ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА Е-УЧЕЊЕ НА

# УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП

ЛИНК: https://moodle2.ugd.edu.mk/

## НАЈАВА НА СИСТЕМОТ




Најавата е со корисничко име во следниот формат: ime.indeks_broj (пр. petar.1234) и иницијално доделена лозинка за секој студент.

## СТРАНИЦА ЗА АЖУРИРАЊЕ НА ПРОФИЛОТ




Следната страница служи за ажурирање на податоците за профилот (име, презиме, град, држава и сл.). Ваша слика на профилот може да биде додадена откако ќе бидат внесени и зачувани основните податоци (со клик на Update profile).

## ПОСТАВКИ




Во овој дел може да се погледнат повеќе поставки кои се однесуваат на корисничката сметка, избор на јазик, форум, едитор, календар и сл. Од лева страна постои опција за пристап до курсеви (Courses). Со кликање на неа пристапувате до курсевите за учење.

# ПРИСТАП ДО КУРСЕВИТЕ






Во Категоријата именувана како „Прва година“ може да ги погледнете курсевите за предметите во кои ќе бидат поставувани материјалите за учење.




Курсевите вообичаено се со клуч за најава кој ќе биде соопштен од страна на професорите во текот на предавањата. Клучот се внесува во полето „Enrolment key“ за да може да се зачлените на курсот.

## ИЗГЛЕД НА КУРС




По зачленување на курсот во централниот дел може да се погледнат материјалите за учење кои се поставени од страна на професорите и асистентите. Лево се наоѓа панелот со соодветните категории за избор на курсеви, додека десно се наоѓа делот за соопштенија.




Материјалите за учење: PDF документи, Word документи, Power Point презентации, слики и сл.

Покрај материјалите за учење во курсот може да бидат креирани и форми за прикачување на задачи кои ќе бидат доделени од страна на професорите или асистентите.

## ПРИКАЧУВАЊЕ НА ЗАДАЧИ

Најпрвин се кликнува на задачата




Во следниот дел се кликнува на копчето „Add Submission“



Следно се кликнува на стрелката за прикачување на решението на задачата



Со клик на копчето „Choose File“ се одбира документот за прикачување и се кликнува на копчето „Upload this file“.



На крај се кликнува на копчето „Save changes“ со што решението на задачата се испраќа за оценување.



## КВИЗ







За одредени предмети проверката на знаења може да се спроведува електронски преку креирани квизови во соодветните курсеви. За да може да го решавате тестот потребно е да внесете лозинка која ќе биде доделена од страна на професорот или асистентот.

## СООПШТЕНИЈА






Во системот за е-учење постојат и генерални курсеви за соопштенија во кои наставниот кадар објавува известувања поврзани со наставата и факултетот. Поради навремено информирање во однос на активностите на факултетот **се препорачува** студентите од **прв циклус** да се зачленат на курсот именуван како **„Соопштенија Прв Циклус“** (Види слика погоре).


moodle2.ugd.edu.mk/course/index.php?categoryid=164
Е-УЧЕЊЕ
Македонски (mk)
Александар Велинов
Дома / Мои курсеви / Додипломски студии / Факултет за информатика
Менаџирај курсеви
Навигација
Дома
Контролна табла
Страници на сајт
Мои курсеви
Додипломски студии
Факултет за информатика
Прва година
Трета година
Четврта година
Втора година
Нераспоредени курсеви по година
Повеќе...
Курсеви
Администрација
Категорија: Факултет за информатика
Категории на курсеви:
Додипломски студии / Факултет за информатика
Барај курсеви
Прва година
Втора година
Трета година
Четврта година
АНКЕТА ФИ
Постдипломски студии / Факултет за туризам и бизнис логистика
Постдипломски студии / Факултет за образовни науки
Постдипломски студии / Музичка академија
Постдипломски студии / Факултет за природни и технички науки
Постдипломски студии / Економски факултет
Постдипломски студии / Правен факултет
Постдипломски студии / Земјоделски факултет
Постдипломски студии / Висока здравствена школа
Постдипломски студии / Факултет за информатика
Постдипломски студии / Филолошки факултет
Постдипломски студии / Филолошки факултет / англиски јазик и книжевност
Постдипломски студии / Филолошки факултет / македонски јазик и книжевност
Постдипломски студии / Филолошки факултет / германски јазик и книжевност
Постдипломски студии / Филолошки факултет / турски јазик и книжевност
Постдипломски студии / Факултет за медицински науки
Постдипломски студии / Технолошко-технички факултет
Постдипломски студии / Воена академија
Постдипломски студии / Универзитетски предмети
Докторски студии
Докторски студии / Земјоделски факултет




За студентите од **втор циклус** исто така постои генерален курс за соопштенија именуван како **„Соопштенија – Втор циклус“** (Види слика погоре).

## ОДЈАВУВАЊЕ ОД Е-УЧЕЊЕ




За одјавување од системот за е-учење се кликнува на опцијата „Log out“ во горниот десен агол на екранот.

## ЗАБОРАВЕНА ЛОЗИНКА




Доколку ја заборавите лозинката за најава, потребно е да кликнете на линкот „Forgot your password“, да ги внесете потребните податоци и да направите ресетирање на лозинката.

## КОНТАКТ

**Универзитет „Гоце Делчев“ - Кампус 2,**

Крсте Мисирков бб - Штип, 2000, Македонија

**Телефон:**

+389 (32) 550 534

**Е-маил:**

ceu@ugd.edu.mk